SUPPORTING MODERNIZATION AND DE-INSTITUTIONALIZATION OF SOCIAL SERVICES

# Општина Демир Капија

# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН

# 2021-2024

**СОДРЖИНА**

1. Вовед ........................................................................................................................................................стр. 3
1.1 Социо – економски карактеристики на општината.......................................................................................................... стр.3
1.2 Законска регулатива.................................................................................................................................................. стр.4
1.3 Општинска структура за спроведување на Социјалниот план..........................................................................................стр.5
2. Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби...........................................стр.5
3. Социјални услуги.................................................................................................................................................. стр. 10
3.1 Постоечки социјални услуги ......................................................................................................................... стр.11
3.2 Нови услуги.................................................................................................................................................... стр. 12
3.3 Идентификување на социјални ризици во општината...........................................................................................стр.14
3.4 Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување........................................ стр. 14
4. Потребни капацитети.................................................................................................................................................... стр.17
5. Лиценцирање на даватели на услуги и финансиска поддршка.............................................................................................стр.18

## 1. Вовед

Надлежноста на единиците на локалната самоуправа во областа на социјалната заштита, дефинирана е во член 22 (став 7) од Законот за локалната самоуправа. Надлежноста на општината од областа на социјалната заштита се реализира со Програмата за социјална заштита со која програма се врши планирање на финансиските средства, мерките и активностите за надминување на утврдените социјални проблеми и зголемување на достапноста на услугите согласно потребите на најранливите категории на граѓани.

### 1.1 Социо – економски карактеристики на општината

Општина Демир Капија зафаќа површина од 309 км$^2$, на нејзината територија има вкупно 4.545 жители со просечна густина на населеност од 15 жители/км$^2$. Во Општината има вкупно 15 населени места, додека пак учеството на градското население во вкупното население изнесува 75,3%[1]. Во состав на општината влегуваат следните населени места: градот Демир Капија и селата Барово, Басвица, Бистренци, Драчевица, Дрен, Иберли, Клисура, Кошарка, Копришница, Корешница, Пржденo, Стрмашево, Челевац и Чифлик.

Демир Капија се наоѓа на најважните сообраќајници во Република Македонија, но располага и со патиштата кои ги поврзуваат населените места и се од витално значење за општината.

Податоците за вкупното население во Општина Демир Капија, домаќинства и станови се превземени од официјалните податоци со пописот од 2002 година, по следните прегледи:

| Општина | Вкупно | Домаќинства | Станови (сите видови |
|---|---|---|---|

1

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

| | население | Станови | живеалишта) |
|---|---|---|---|
| **Д. Капија** | **4545** | **1387** | **1789** |

Согласно податоците добиени од списокот на обврзници на годишен данок на имот (2020 година), вкупниот број на станови (куќи) во општина Демир Капија е 1224 и 491 станови (куќи) во кои нема домаќинства.

Демографското стареење како процес е карактеристично и за општина Демир Капија. Споредбата на бројот на населението во општина Демир Капија од 2002 година и постојаното годишно менување во согласност со официјалните податоци на ДЗС за природното (наталитет и морталитет) и административните извори на податоци (избирачки списоци и др.) укажува дека населението има тенденција на постојано намалување (миграции) во поголемите општини или иселување од државата во странство што е тренд во последните години и тоа претежно на млади образовани кадри. Точното утврдување на населението во согласност со официјалните статистички податоци е отежнато бидејќи во последните 18 години не е спроведен нов попис на населението.

Според изјаснувањето за национална припадност, население во Општина Демир Капија е со состав:

| Општина | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Бошњаци | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д. Капија | 4545 | 3997 | 23 | 344 | 16 | 132 | 1 | **32** |
| | **100%** | **87,94%** | **0,51%** | **7,57%** | **0,35%** | **2,90%** | **0,02%** | **0,70%** |

## 1.2 Законска регулатива

- ✓ Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година),

- ✓ Законот за изменување и дополнување на законот за социјалната заштита (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.07.2019 година),
- ✓ Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 годинА
- ✓ Законот за социјална сигурност за старите лица (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година),
- ✓ Законот за заштита на децата (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.07.2019 година),
- ✓ Законот за семејство (Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014 година),
- ✓ Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Службен весник на РМ, бр. 150 од 2.09.2015 година),
- ✓ програмата за развој на заштитата на децата во Република Македонија (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година),
- ✓ Законот за финансирање на Единиците на Локалната самоуправа (Службен весник на РМ, бр 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11),
- ✓ Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5 од 29.01.2002година),
- ✓ Националната програма за развој на социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 192 од 17.10.2016 година),
- ✓ Националната политика за социјална заштита,
- ✓ други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија.

### 1.3 Општинска структура за спроведување на Социјалниот план

Во рамките на општинската администрација согласно организационата поставеност утврдена со актот на Правилникот за систематизација на работните места во општината, работите кои се однесуваат на надлежностите од областа на социјалната заштита и заштита на децата ги врши Одделението за јавни дејности и општи работи при Секторот за нормативно-правни работи, човечки ресурси, јавни дејности и општи работи, каде е предвидено работно место раководител на одделение за јавни дејности и општи работи.

Меѓутоа, бидејќи во Одделението за јавни дејности и општи работи работното место не е пополнето, работите од областа на социјалната заштита ги вршат вработени од Одделението за нормативно-правни работи и човечки ресурси при Секторот за нормативно - правни работи, човечки ресурси, јавни дејности и општи работи и тоа конкретно вработените на работни места - Советник за управување со човечки ресурси и Советник за нормативно правни работи, управување и координација со човечките ресурси. Одговорно лице е Сузана Крстова (контакт податоци, е-пошта: suzana.krstova@opstinademirkapija.gov.mk и телефонски број 071 324 697).

## 2. Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби

Социјално ранливи групи се групи население кои се наоѓаат во животна ситуација поради која кај нив постои поголема можност да бидат погодени од различни социјални, психолошки, здравствени, економски и други проблеми и истите кај нив да остават потешки последици за разлика од останатото население. Нивната животна ситуација е ризичен фактор кој не мора да биде директен причините, но во комбинација со други фактори се зголемува можноста на проблем.

Во Општина Демир Капија нема подрачна канцеларија на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Неготино, за да граѓаните можат непосредно да ги користат услугите на информирање и упатување, што значи дека информирањето на граѓаните за правата од социјална заштита и расположивите социјални услуги, а со цел остварување непречен пристап до правата и услугите, е отежнато имајќи во предвид дека треба да се патува до Неготино. Најдобра опција би било отварање на подрачна канцеларија на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Неготино, која зависи од плановите на МТСП, но она што може да го направи општината е да инвестира во сопствен простор и вработување на стручни лица кои ќе ги вршат работите од областа на социјалната заштита во координација со ЈУМЦСР Неготино . Истата стуација е и со потребите поврзани со АВРМ - Центарот за вработување Неготино.

Според евиденција на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Неготино[2], во општина Демир Капија мапирани се следните ранливи групи, кои ги користат услугите на информирање и упатување, услугите на стручна помош и подршка, и услугите на советување:

| Ред. број | Социјален ризик | Број на корисници |
|---|---|---|
| | Самохран родител | 2 |
| 2. | Лица со посебни потреби до 26 год. | 6 |
| | Лица во мировна постапка | 1 |
| 4 | Деца во судир со законот и деца во ризик | 5 |
| 5 | Жртва на семејно насилство | 1 |

2 Податоци за социјални услуги – состојба 17.03.2020 година

| | | |
|---|---|---|
| 6 | Возрасно лице излезено од КПУ | 1 |
| 7 | Лица со одземена деловна способност под старателство | 3 |
| | Вкупно: | 17 |

| **Услуга (шифра)** | **Услуга – Право кое се користи** | **Број на корисници** |
|---|---|---|
| 12 | Сместување во Установа за стари лица | 1 |
| 13 | Сместување во Установа за згрижување,работно оспособување, односно рехабилитација на лица со психофизички недостатоци (Специјален завод) | 2 |
| 17 | Паричен надоместок за помош и нега од друго лице | 90 |
| 1701 | Посебен додаток | 9 |
| 1801 | Народна кујна | 8 |
| 28 | Здравствена заштита | 11 |
| 45 | Цивилна инвалиднина | 1 |
| 46 | Паричен надоместок за скратено работно време | 1 |
| 48 | Гарантиран детски додаток (ГДД) | 27 |
| 52 | Родителски додаток | 54 |
| 54 | Условен паричен надоместок – образовен додаток | 15 |
| 55 | Додаток за мобилност | 7 |
| 56 | Додаток за слепило | 7 |
| 61 | Додаток за глувост | 5 |
| 63 | Гарантирана минимална помош (ГМП) | 30 |
| 64 | Социјална сигурност на старите лица | 7 |
| 68 | Персонална асистенција | 3 |

Податоците за вкупниот број на невработени лица од Општина Демир Капија, според националната припадност, возраст и образование се добиени од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија - Центарот за вработување Неготино, по следните прегледи:

Преглед на невработени лица по општина според национална припадност и возраст[3] :

| Општина Д.Капија | вкупно : | | Од 15-19 години | | Од 20-24 години | | Од 25-29 години | | Од 30-34 години | | Од 35-39 години | | Од 40-44 години | | Од 45-49 години | | Од 50-54 години | | Од 55-59 години | | 60 год. и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Македонци | 131 | 53 | 2 | 1 | 9 | 6 | 13 | 6 | 7 | 4 | 10 | 7 | 6 | 3 | 10 | 6 | 18 | 9 | 21 | 2 | 35 | 9 |
| Албанци | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Роми | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Турци | 13 | 5 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 2 | 0 |
| Срби | 2 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Други | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно за општина: | 150 | 61 | 2 | 1 | 11 | 8 | 14 | 7 | 12 | 6 | 12 | 8 | 6 | 3 | 13 | 7 | 18 | 9 | 25 | 3 | 37 | 9 |

Преглед на невработени лица според степен на образование со состојба на 29.02.2020 година[4] :

3 Извор: Центар за вработување Неготино
4 Извор: Центар за вработување Неготино

| Општина Д.Капија | вкупно | | НКВ | | ПКВ и НСО | | КВ | | ВКВ | | ССО | | ВИШЕ СО | | ВИСОКО СО | | МАГИСТРИ | | ДОКТОРИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| | 150 | 61 | 73 | 27 | 1 | 0 | 22 | 5 | 0 | 0 | 50 | 27 | 1 | 0 | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Преглед на невработени лица по националност со состојба на 29.02.2020 година[5] :

| Општина Д.Капија | вкупно | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| | 150 | 61 | 131 | 53 | 1 | 1 | 13 | 5 | 2 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |

Според профилот на активните баратели на работа се доаѓа до заклучок дека од вкупниот број евидентирани навработени лица 80% се на воздраст од 50 години па натаму (доминираат повозрасни лица), а согласно образовната структура од вкупно 150 невработени, дури 73 лица се неквалификувани, а 50 се со средно образование. Со високо образование евидентирани се само 3 невработени лица. Меѓутоа бројот на невработени може да е поголем имајќи во предвид дека сите невработени не се регистрираат во АВРМ.

Со оглед на стуктурата на невработени лица, многу е важно општината да помага или поддржува дообука или преквалификација на најранливите, да им помага со информирање и упатување за регионалните можности, но и за мерки кои произлегуваат од националните политики и планови. Еден од начините е општината да развива социјални услуги преку кои ќе може да направи опфат на најтешко вработливите лица, нивна обука и лиценцирање, и веднаш да ги ангажира. Истовремено индустриската зона во Кавадарци, каде се креираат нови работни места, е можност за постоечката квалификувана работна сила, и за овие лица неопходно е нивно информирање и упатување и евентуална поддршка во процесот на интеграција на новото работно место. Тука се и можностите за развој на туризам, но и развој на претприемачки иницијативи и развој на МСП (во нова индустриска зона „Куријте“ и во индустриска зона „Попова кула“)

5 Извор: Центар за вработување Неготино

Од анализата на состојбите со активните деловни субјекти со седиште во општина Демир Капија доминираат деловни субјекти што работат во секторот на трговија на големо и мало, угостителските капацитети (Попова кула, Вила Марија), текстилни конфекции. Вкупно се регистрирани 173 правни субјекти и 109 подружници.

Во рамките на општина Демир Капија со седиште во Демир Капија ги има следните јавни установи и претпријатија под надлежност на општина - едно основно училиште – ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија во чиј состав се 4 подрачни единици, ЈОУДГ - Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, едно јавно комунално претпријатие ЈКП БОШАВА Демир Капија и ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија.

Во Демир Капија се наоѓа и јавната установа за посебни потреби СПЕЦИЈАЛЕН ЗАВОД Демир Капија (во иднина ќе го користиме називот Заводот) која е специфична по нејзината работа. Во установата се вработени 120 лица и има вкупно 207 штитеници. Општината ќе има значајна улога во започнатиот процес на деинституционализација - во процесот на преселба на лицата со интелектуална попреченост и трансформација на Заводот. Активностите се веќе започнати и досега општина Демир Капија во соработка со МТСП има воспоставено една станбени единици (објект кои е во сопственост на општинатаво с.Корешница) за вкупно 4 лица со интелектуална попреченост и вработени 5 лица кои обезбедуваат 24 часовна грижа за овие корисници. Вотората станбена единица во истиот објект во с.Корешница е во завршна фаза и во неа треба да се сметат вкупно 5 лица со интелектуална попреченост. Во наредните три години (периодот 2020 - 2022) паралелно се имплементираат три проекти за поддршка на процесот на деинституционализација, а се поддржани од Европската делегација. Целта на овие проекти е да се преселат околу 100 лица со интелектуална попреченост, од Заводот во мали станбени единици, во Демир Капија и во Вардарскиот регион.

Во ООУ „Димче А. Габерот" Демир Капија од вкупно 327 ученици, евидентирани се 6 деца со ментална попреченост – 5 се со интелектуална попреченост (аутизам) и 1 со епилептични напади. Забележана е потреба од едукација на родителите, помош и поддршка на децата. За овие деца е идентификувана и потребата од образовни асистенти, но и образовни програми за социјализација како и екипираност со стручни кадри на училиштата.

Од вкупниот број на население во општината над 50% е старо население. Бројот на деца кои се запишуваат во прво одделение во континуитет од година во година се намалува. Постапното зголемување на процентуалното учество на стари лица во вкупното население предизвикува низа разновидни последици во остварувањето на нивните потреби. И покрај тоа што дел од нив ги користат правата на парична помош согласно законот за социјална заштита, се наметнува неопходност да се пристапи кон организирање на куќна нега и помош, отварање на сервиси за давање услуги во домовите на старите лица, клубови за дневен престој на стари лица. Дополнителни индикативни информации се добиени од фокус групата составена од Здружението на пензионери

од Демир Капија. Главни предизвици со кои тие се соочуваат се: неможност да ги покријат трошоците со пензијата која е главен извор на приходи и немање пристапни услуги во урбаните односно месните заедници во кои живеат (на пример аптека, банка, автобуска постојка и сл.). Во општина Демир Капија има околу 700 пензионери од кои околу 150 пензионери примаат пензија која е под минималниот загарантиран износ на плата и истите се во социјален ризик. Согласно добиените податоци, од нив 30 – 40 лица се инвалиди за кои е потребна дополнителна нега. За повеќето од нив има потреба од услуги во домот - помош и нега во домот како и лична асистенција.

Досегашна пракса во општината, а со цел навремено да им се помогне на граѓаните кои се во социјален ризик е доделувањето на еднократна парична помош, во согласност со интерен правилник донесен од страна на Советот на општината. За помошта може да аплицираат граѓани жители на општина Демир Капија кои имаат потреба од социјална заштита и помош заради нарушена здравствена состојба и потреба од лекување или оперативен зафат или други ризични ситуации кои ги нарушуваат нивните услови за домување и живот. Годишните финансиски средства се согласно можностите и во рамките на расположивите средства во Буџетот на општината за тековната година.
Активноста се спроведува во континуитет и може да ја користат:

- лица со инвалидитет;
- стари лица без семејна грижа;
- тешко болни лица и приматели на терапија;
- лица погодени од елементарни непогоди, пожари и друго;
- лица со ниски месечни приходи или корисници на социјална парична помош;
- лица без сопствено живеалиште.

Дополнително, општина Демир Капија изработува социјални пакети за лица од ранливи категории на граѓани, со цел да им се подобри животниот стандард.

Општината посветено работи и на обезбедување на предуслови за активно социјално вклучување и работна активација, на сите ранливи и маргинализирани групи. Па така, за надминување на проблемите со домување во процес на изградба се социјални станови за лицата кои немаат свое сопствено живеалиште. Тековно се поддржува и мобилноста на едно лице со попреченост до неговата образовна институција, а се организира и бесплатен превоз за првите месеци за лица кои се вработуваат во Дрекстермаер. Оваа поддршка е со цел да се помогнат лицата во првите месеци на постигнување финансиска стабилност, но и да се мотивираат да останат во процесот. Останува да се најде решение за изградба на автобуска станица со редовни линии, која ќе обезбеди поголема пристапност и мобилност за сите граѓани.

## 3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

За разлика од овие бенефиции кои се поврзани со парични средства и се фокусирани на подобрување на финансиската ситуација на граѓаните, социјалните услуги се ориентирани кон помош во задоволување на нефинасиските потреби и непреченото остварување на развојни и социјализаторски задачи. Тие понекогаш се нарекуваат лични социјални услуги (personal social services), хумани социјални услуги (human social services) или услуги за социјална нега (social care services) од причина што задоволувањето на финансиските потреби на ранливите групи граѓани е клучно за нивната сигурност, но сепак не значи неопходно обезбедување на задоволувачко ниво на социјално функционирање.
Социјалното вклучување на ранливите групи најдобро се остварува преку обезбедување достапност на социјалните услуги во заедницата, развојот на услугите според потребите за помош, јакнење на капацитетите на корисниците, отстранување на пречките и овозможување на еднакви можности за нивно социјално вклучување.
Социјалните услуги кои се обезбедуваат согласно Законот за социјална заштита се

- услуги на информирање и упатување
- услуги за стручна помош и поддршка
- услуги на советување
- услуги во домот,
- услуги во заедницата и
- услуги за вон-семејна заштита.

### 3.1 ПОСТОЕЧКИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

**3.1.1. Услуги на информирање и упатување -** согласно член 71 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Неготино.

**3.1.2. Услуги на стручна помош и поддршка** - согласно член 72 од Законот за социјална заштита обезбедени прекуЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Неготино

**3.1.3. Услуги на советување** - согласно член 73 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Неготино

**3.1.4. Услуги во домот**

Во Демир Капија не се нуди ниту една од социјалните услуги во домот (помош и нега во домот, лична асистенција), но потребата за помош и нега во домот на стари лица е голема, и треба да се направат напори да се воспостави во најскоро време.

Иако не е во редот на социјалните услуги утврдени во Законот за социјална заштита, вредно е да се спомене дека години station наназад се реализира проектот ,,Народна кујна'' преку кој се обезбедува топол оброк за најзагрозените граѓани. Според видот оваа е социјална услуга во домот, со која се овозможува корисниците секојдневно да подигнат претходно зготвена храна во ЈОУДГ Борис Трајковски Демир Капија (место кое служи и како пункт за подигнување) и да ја конзумираат во своите домови. Проектот се реализира во соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика, Општина Демир Капија и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа и со него моментално се опфатени 10 (десет) лица.

### 3.1.5. Услуги во заедницата

Општина Демир Капија нема центри за дневен и привремен престој. Она што треба да се спомене е дека ЦСР Неготино дава психо-социјална поддршка и советување за лицата што издржувале казна затвор, со цел нивна реинтеграција во општеството.

**<u>Реинтеграцијата,</u>** како социјална услуга, е обезбедена од страна на општина Демир Капија и во рамки на проектот Општинско корисна работа, организиран со подршка на УНДП (ОКР). Станува збор за обезбедување на обука на невработени лица  кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот. Со овој проект се обезбедува нивно социјално вклучување преку работно ангажирање со скратено работно време заради стекнување на одредени вештини и понатамошно постепено вклучување на пазарот на труд. Веќе се видливи и првите резултати, конкретно, во ЈОУДГ Борис Трајковски Демир Капија, времено се вработени 4 невработени жени кои со обуките се здобија со лиценци како квалификација за вршење на работи и задачи како негователи. Преку оваа социјална услуга директно се обезбедува помош и можност за вработувања на маргинализираните лица на територијата на локалната самоуправа.

**<u>Ресоцијализацијата,</u>** како социјална услуга, општината ја организира преку својата активност насловена како Јавни работи. Преку неа се врши ангажирање на невработени лица од евиденцијата на приматели на социјална помош, во Јавните претпријатија (ЈП) основани од општината, во периодите кога се јавува потреба од

дополнителен број на работници - во сезонскиот период кога обемот на работни задачи за одржување на јавните зелени површини и јавните предметни површини (улици) е зголемен, кога има потреба од извршување на дополнителни активности надвор од предвидените програми за работа на ЈП (на пример активности на проширување на дејноста на одржување на јавната чистота и подигање на нови и одржување на постоечките зелени површини во општината), и кога се врши изведување на активности на чистење на урбани и рурални површини. На овој начин, со работно ангажирање на оваа категорија на граѓани им се овозможува социјално вклучување и дополнителен паричен надоместок.

### 3.1.6. Услуги за вон-семејна заштита

<u>**Живеење со поддршка**</u>

Општина Демир Капија има значајна улога во процесот на деинституционализација на лицата со интелектуална попреченост и трансфомација на Заводот. Во соработка со МТСП и Заводот, Општина Демир Капија, во село Корешница, веќе има отворено една станбени единица и една е во подготовка. Во функционалната едница се сместени 4 лица на возраст до 28 години, а во планираната ќе се сместат 5 лица.

Исто така општината во партнерство со две здруженија на граѓани КМОП и Хуманост, од оваа година го спроведуваат проектот „Поддржување на процесот за преместување на лицата со интелектуална попреченост од институцијата во Демир Капија во која моментално престојуваат, во заедница приспособена за да ги задоволи нивните потреби“. Главната цел на проектот е да го поддржи процесот на деинституционализација на Заводот и да се зајакне вклученоста на лицата со интелектуална попреченост во пошироката заедницата. Во моментов се започнати активности од проектот и се прави подготовка на планот за трансформација на лицата со интелектуална попреченост сместени во Заводот, анализа на моменталната состојба со процесот на деинституционализација и состојбата на лицата со попреченост, анализа и мапирање на потенцијални станбени објекти за отварање на станбени единици, започнување на процесот на подготовка на индивидуални планови на лицата со интелектуална попреченост за нивна трансформација и работа во малите станбени единици.

## 3.2 НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Развојот на социјалните услуги во локалната заедница ќе придонесе кон нејзините перспективи за целокупен развој, за посистемско искористување на ресурсите и подобар квалитетот на живот на сите граѓани, со приоритет на оние на кој им е најпотребна поддршка.

### 3.2.1. Услуги на информирање и упатување

Воспоставување на општински информативен центар, како место каде што фокусот ќе биде да се добијат сите информации од центарот за социјална работа и центарот за вработување во Неготино. Со развој на оваа услуга ќе се зголеми достапноста на информациите до граѓаните и ќе се намалат нивните постоечки трошоци за постојано патување до ЦСР Неготино. Овој центар не би требало да го замени, туку само да го олесни и приближи работењето на двата центра, на локално ниво, односно да овозможи граѓаните да се информираат за расположливите права и услуги за социјална заштита и можностите кои ги нуди пазарот на труд. Истовремено центарот ќе дава и информации и од локалната заедница и за регионално активни мерки, проекти и можности за вработување.

### 3.2.2. Услуги на стручна помош и поддршка

Општинскиот информативен центар може да биде искористен и за оваа социјална услуга. За невработените лица кои се неквалификувани, а со тоа тешко вработливи, живеат во сиромаштија или се во ризик од неа, покрај активностите за активација неопходно е да им се даде и стручна помош и поддршка во процесот на наоѓање или задржување на работното место. Дополнително, услугата може да ја користат и сите други граѓани кои се соочуваат со предизвиците на новото време односно не можат да се снајдат со новите начини на работа, новите комуникациски норми или животните промени. Секако приоритет ќе биде ставен на лицата во судир со законот и лица излезени од КПУ.

### 3.2.3. Услуги на советување

Како приоритет се истакна потребата од психо-социјална поддршка и едукација на родителите кои имаат деца со ментална попреченост – интелектуална попреченост (аутизам) и епилептични напади. Како можност се гледа соработка со стручна граѓанска органзиација која ќе има за цел, заедно со општината и групата на корисници, да ја развие социјалната услуга.

Услугите на советување ќе се моделираат според актуелните состојби во заедницата и детално ќе се дефинираат во годишните програми.

### 3.2.4. Услуги во домот

Помош и нега во домот

Општина Демир Капија во соработка со здружението Хуманост аплицираше на Јавниот повик за социјални услуги од страна на МТСП со Светска Банка. Проектните активности се насочени кон воспоставување на нова социјална

услуга во општината односно услуга во домот - помош и нега во домот, при што ќе бидат опфатени 20 корисници (возрасни лица, лица со хронични болести и лица со попреченост). Оваа услуга ќе им овозможи помош и поддршка на корисниците во исполнувањето на секојдневните потреби со цел да се подобри и одржува квалитетот на нивниот живот и да се спречи или одложи сместувањето во институциите. За испорака на услугата ќе се овозможи професионална обука и вработување за 10 лица (невработени лица, лица со ниска квалификација, лица во социјален ризик) кои ќе се стекнат со потребните компетенции и вештини.

Лична асистенција

Општина Демир Капија во соработка со здружението Хуманост и согласно податоците од мапирањето и процесот на деинституционализација во периодот кој што следи ќе започне со развивање на услугата – лична асистенција на лица со попреченост. Услугата ќе има за цел да придонесе за независно и самостојно живеење на 20 лица со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата, и во општеството во целина. За испорака на оваа услуга ќе се овозможи професионална обука и вработување за 5 до 10 лица (невработени лица, лица со ниска квалификација, лица во социјален ризик) кои ќе се стекнат со потребните компетенции и вештини.

### 3.2.5. Услуги во заедницата

Услуги за реинтеграција

Согласно мапирањето и идентификувањето на социјалните ризици во општината оваа услуга треба да обезбеди поддршка за стекнување на работни вештини и вештини за вработување, со оглед на тоа што како втор ризик се јавува ризикот од сиромаштија (невработеност, ниски месечни примања, приматели на социјална помош, приматели на еднократна парична помош од општината, итн). Општината ќе посвети внимание на оваа категорија на граѓани преку креирање на сет на мерки кои ќе опфаќаат комбинирање на информирање и упатување, активација на пазарот на труд и дополнителна психо-социјална поддршка. За оваа услуга ќе биде особено важно да биде поврзана со другите области од работењето на општината, вклучиелно стратегијата за локален економски развој и стратегијата за развој на туризмот.

Услуга за дневен престој

Клуб за дневен престој на стари лица е услуга која лесно може да се организира, со оглед на тоа дека Здружението на пензионери Демир Капија од Демир Капија стопанисува со објект на Пензионерски дом, за кој е потребно само да се обезбедат финансиски средства за реновирање и опремување на просторот. Здружението е доста активно во поглед на организирање на активности за рекреација и развивање на општествени контакти.

Програмата која ќе се развива во овој дневен центар ќе биде насочена кон активно и здраво стареење како и превенирање на ризците од старост. Исто така преку здружението на пензионери и општината ќе се развијат нов сет на дополнителни активности за возрасните лицата со ниски месечни пензии.

Друга услуга која може да биде од локален или регионален карактер е отворање на Дневен центар за лица со попреченост, кој може да ги згрижува децата и лицата со попреченост од Демир Капија и од околината.

### 3.2.6. Услуги за вон-семејна заштита

Згрижување во друго семејство

Во општина како Демир Капија, во која се се врти околу процесот на деинституционализација, неопходно е да се работи на поттикнување на семејствата од општината да згрижуваат деца. Во моментот нема згрижувачки семејства и тоа може да претставува проблем на долг рок. Својот удел во ова ќе го имаат услугите на општинскиот информативен центар.

Живеење со поддршка

Продолжуваат активностите на проектот „Поддржување на процесот за преместување на лицата со интелектуална попреченост од институцијата во Демир Капија во која моментално престојуваат, во заедница приспособена за да ги задоволи нивните потреби". Во текот на следните три години преку проектот ќе се отворат две нови станбени единици за 10 лица со интелектуална попреченост, ќе се подготват нови 20 лица за трансформација и воедно ќе се зајакнат капацитетите на општината и вработените за продолжување на процесот на деинституционализација. По завршување на проектните активности ови услуги ќе треба да бидат финасиски поддржани од МТСП.

Сместување во установа

Услугата за сместување на изнемоштено старо лице, хронично болно лице, терминално болно лице и друго лице во потреба од континуирана помош и нега, може да се организира преку искористување на празните капацитети на Заводот и нивна пренамена за регионален дом за стари лица.

**3.3 Идентификување на социјални ризици во општината**

- Старост – потреба од помош и нега на стари лица во домашни услови и активно стареење
- Сиромаштија - намалување на приходната сиромаштија и вработување
- Деца/лица со попреченост - деинституционализација и помош и нега во домашни услови

**3.4 Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување**

| Социјален ризик | Спецификација на социјални ризици | Постоечки услуги | Постоечки човечки ресурси | Развој на нови услуги | Потребни ресурси |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Старост | 1.1 Стари лица над 60 години<br>1.2. Стари лица со попреченост<br>1.3 Стари лица со хронични болести | | | - услуги во домот (помош и нега во домот)<br>-услуга за вон-семејна заштита (сместување во установа) | - Координатор<br>- сертифицирани негователи/ки<br>- социјален работник физиотерапевти |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. Сиромаштиј а | 2.1 Невработени млади лица<br>2.2 Активни баратели на работа<br>2.3 Долгорочно невработени лица над 50 години.<br>2.4 Лица со ниски примања<br>2.5 Ниско квалификувани лица | Општинско корисна работа Народна кујна | Вработени во ЦРС Неготино | - Услуги за информирање и упатување<br>- услуги на советување<br>- услуги на стручна помош и поддршка<br>- услуги во заедницата | - Специјален едукатор и рехабилитатор<br>- Тренинг провајдери<br>- психолог |
| 3. Лица со попреченост | 3.1 Лица со интелектуална попреченост<br>3.2 лица со физичка попреченост<br>3.3 Аутизам<br>2.4 Лица со ретки болести | | - Училишен психолог,<br>- училишен тим на инклузија,<br>- Вработени во ЦСР Неготино | - услуга во домот (лична асистенција)<br>- услуги во заедницата (услуга за дневен престој)<br>- услуги на вон-семејна заштита (живеење со поддршка) | - Социјален работник<br>- Сертифицирани лични асистенти на лица со попреченост<br>- Асистенти за асистирано живеење<br>- Педагог<br>- Логопед<br>- Медицински сестри |

**4. Потребни капацитети:**

| **Нова услуга** | **Форма** | **Инфраструктура (постоечки, во изградба, потребна реконструкција, потребна адаптација, нема) и опрема** | **Капацитет/опфат (број на корисници, површина, територија, итн?** | **Потребни финансиски средства** | **Извори на финасисрање или начин на прибирање на потребните финасиски средства** | **Планирана соработка со:** | **Време/период на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Услуга во домот | Помош и нега во домот | Обезбеден канцелариски простор од страна на општината | - 20 корисници на услугата,<br>-50 м2 – простор за центарот за нега во домот,<br>- Демир Капија | Воспоставување на услугата за 6 месеци – 922,977.00 ден.<br>Испорака на услугата за 12 месеци- 4, 608,000.00 ден. | 90,000.00 ден.- Општина Демир Капија<br>5,440,977.00 ден. Обезбедени од МТСП и Светска банка | Здружение Хуманост<br>МТСП<br>ЈУ МЦСР-Неготино | 2020-2021(18 месеци) |
| Услуга во домот | Лична асистенција | Обезбеден канцелариски простор од страна на општината | - 20 корисници на услугата,<br>-50 м2 – простор за центарот за нега во домот,<br>- Демир Капија | Испорака на услугата за 24 месеци – 8,563,200.00 ден. | МТСП<br>Европска унија<br>Други донатори | Здружение Хуманост<br>МТСП<br>ЈУ МЦСР-Неготино | 2021-2022 (24 месеци) |
| Услуга во | Дневен | - | Простор за | 100,000.00 ден | -40,000.00 ден- | Здружение | 2020-2021 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| заедницата | центар за стари лица | Реконструкција и адаптација на постоечкиот и надоградба на нов простор/зграда на пензионерите | надоградба 30м2 Постоечки простор и простор за адаптација – 100 м2 | | обезбедени од Сојузот на пензионерите - 20,000.00 ден. обезбедени од здружението на пензионери Д.Капија - 40,000.00 ден. потребни средства кои ќе се обезбедат од други донатори и општински буџет | на пензионер на Демир Капија МТСП ЈУ МЦСР-Неготино | |
| Услуга во заедницата | Дневен центар за лица со попреченост | - Реконструкција и адаптација на простор | Се уште не е лоциран простор | 20,000,000.00 ден | Донатори Проекти МТСП Буџет на општина Демир Капија | МТСП ЈУ МЦСР-Неготино | 2022-2023 |
| Услуга за вон-семејна заштита | Живеење со поддршка | -1 станбена единица- Адаптација на постоечки простор во с.Корешница 5 -станбени единици – инајмување на простор | - с.Корешница – 5 корисници со простор од 92 м2<br>- 5 станбени единици- изнајмен простор од 70 до 100 м2. | 3,000,000 ден за адаптација и реконструкција- с.Корешница 5-станбени единиц – 15,000,000.00 ден. за адаптација на простор од 70 до 100 м2<br>-Ипорака на услугата за 30 корисници на станбените единици | МТСП Донатори Евроспка унија ОН агенции | - Здруженија на граѓани<br>- МТСП<br>- ЈУ МЦСР-Неготино | 2021-2022 (24 месеци) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 20,798,640.00 ден. | | | |
| Услуги за вон-семејна заштита | Сместување во установа-дом за стари лица | Адаптација на постоечки простор- СЗ Демир Капија | -Објект 1 960 м2<br>- | 100 000 000.00 ден | МТСП<br>Донатори<br>Грантови | - МТСП<br>- ЈУ МЦСР-Неготино<br>-Општина Демир Капија | 2024 |

**5. Лиценцирање на даватели на услуги и финансиска поддршка**

Според законот за социјална заштита МТСП издава дозвола за вршење работи од социјална заштита на правни и физички
лица под услови утврдени со овој закон, утврдува стандарди и нормативи за давање социјални услуги. Соодветно на
потребите на новите социјални услуги ќе се врши дополнително лиценцирање согласно со правилниците кои произлегуваат
од Законот.

Во моментот Општина Демир Капија за развој на дел од новите социјални услуги соработува со здружението Хуманост. Хуманост како органзиацијa веќе се има стекнато со дозоли за работа во доменот на социјална заштита, но исто така има и верифицирани посебни програми за образование на возрасните. Во иднина општината ќе настојува да овоможи и поддржи други здруженија кои ќе пројават интерес за работа и давање на социјални услуги на локално ниво и нивно лиценцирање од

**Резиме**

Социјалниот План 2021-2024 година за општина Демир Капија беше изготвен во соработка со :

- Општина Демир Капија
- ЕПТИСА
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Неготино

- Центар за вработување Неготино
- Здружение на пензионери од Демир Капија
- Здружениеја на граѓани од Демир Капија